Природно математичкото здружение АРМАГАНКА, согласно својот Статут, донесе

# ОДЛУКА

за доделување награда за најдобар натпреварувач (олимпиец) по математика во основното образование

**Член 1**

На почетокот на секоја учебна година, за учениците од основното образование, односно за учениците кои во претходната учебна година до крајот на месец јуни не наполниле 15,5 години, се доделува награда за најдобар натпреварувач (олимпиец) по математика во претходната учебна година.

**Член 2**

Името на наградата е ИЛИЈА ЈАНЕВ .

**Член 3**

На наградениот ученик му се доделува плакета и паричен надоместок за освоената награда.

За секоја учебна година висината на паричниот надоместок, со посебна одлука, ја утврдува Управниот одбор на здружението.

**Член 4**

Критериумите и постапката за доделување на наградата се утврдуваат со посебен Правилник, донесен од Управниот одбор на здружението.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје
15.09.2020

претседател на Армаганка
-----------------------------------
Проф. д-р Алекса Малчески